Врз основа на член 56 од Статутот на ПСУ Американска гимназија Скопје, Управниот одбор на Американска гимназија Скопје на својата 9-та седница одржана на 13.9.2023 г. го донесе следниот

**П Р О Т О К О Л**
**за спречување и постапување во случај на насилство**

DO NOT COPY

## Цели

1. Овој Протокол има за цел да едуцира, да информира и да креира безбедна средина во која сите ќе се чувствуваат добредојдени, безбедни и во која сите ќе можат да ги уживаат своите човекови права и да го исполнат својот потенцијал, средина што нуди еднакви можности за сите.

2. Дополнително, целта на овој Протокол е да го дефинира постапувањето и реакцијата во случај на насилство, да работи на реинтеграција на жртвите и на насилниците, да ја подигне свесноста за насилството кај сите засегнати страни во гимназијата и да ја унапреди безбедноста промовирајќи поволна средина за сите.

## За кого е наменет овој Протокол

1. Овој Протокол е наменет за сите засегнати страни во гимназијата. Во нив припаѓаат учениците, родителите/старателите, органот на управување, директорот, членовите на различни стручни активи, наставниците, стручните служби и останатите вработени кои на каков било начин имаат активна улога во различните процеси во училишната средина.
2. Овој Протокол ги вклучува и сите релевантни институции кои работат на превенција и заштита од насилство.

## Информирање

1. Овој Протокол се поставува на веб страната на гимназијата и на други места со цел да биде јавно достапен и видлив за сите.

2. Гимназијата презема обврска да го достави овој Протокол до своите вработени во електронски и печатен формат, и најмалку два пати годишно да спроведува информативни презентации/работилници за своите вработени.
3. Гимназијата се обврзува да го презентира овој Протокол на учениците преку организација на информативни презентации/работилници најмалку два пати годишно. Со цел што поголема свесност, гимназијата ќе подготви и други информативни материјали за учениците и за родителите.
4. Гимназијата има за задача да ги запознае надворешните соработници за постоењето и примената на овој Протокол.
5. Гимназијата по потреба организира дополнителни информативно-едукативни активности со цел превенција и едукација за насилство:
    - Информативно-едукативни работилници и презентации за насилство;
    - Информативно-едукативни работилници и презентации за човекови права;
    - Информативно-едукативни работилници и презентации за безбедно користење информациско-комуникациски технологии и алатки, како и безбедност на интернет;
    - Информативно-едукативни работилници и презентации за правото на приватност и заштитата на личните податоци;
    - Сесии за поддршка и охрабрување лица во ризик, жртви, насилници и сведоци во случај на насилство;
    - Останати активности (натпревари, дополнителни активности, дискусии) и
    - Организирање воннаставни активности поврзани со спорт и соработка.
6. Во случај кога гимназијата има сомнеж или сознание за насилство со лица поврзани со други училишта, стручната служба има обврска да стапи во контакт со другите училишта и да го адресира својот сомнеж или сознание.

**Вредности и принципи кои се почитуваат и негуваат со овој Протокол**

1. Со овој Протокол се почитуваат и негуваат следните вредности и принципи:
    - Најдобар интерес на детето;
    - Почитување на различностите и забрана за дискриминација;
    - Почитување на правото на самоопределување;
    - Партиципативност;
    - Приватност;
    - Доверливост;
    - Заштита и поддршка на жртвата;
    - Пропорционалност;
    - Информираност;
    - Стручност и одговорност;
    - Должно внимание и
    - Забрана за непотизам и корупција.

DO NOT COPY

**Насилство: поим, видови и улоги**

1. **Што е насилство?**

Преземање активност со која намерно и/или планирано се нанесува повреда на едно или повеќе лица со употреба на зборови, покажување физичка надмоќ, вербална агресија, социјално изолирање и отуѓување и/или употреба на закана со цел да се нанесе штета и постави друго лице/лица во подредена состојба.

2. **Видови насилство**

Видовите на насилството се поделени на три нивоа. Поделбата по нивоа во ниту еден случај не значи дека насилството од прво и второ ниво не може да биде сериозно, туку насилството, независно во која категоризација спаѓа, ќе биде соодветно разгледано и санкционирано. Составен дел на овој Протокол е Табелата со категоризација на насилството (Прилог 1).

***2.1 Физичко насилство***
Физичко насилство претставува активност каде се употребува физичка сила (со или без дополнителни средства) и е директно насочено кон физичкото тело на лицето со цел да предизвика болка и да се покаже надмоќ. Истото вклучува физичко удирање, малтретирање, казнување, итн.

***2.2 Психичко, вербално и емоционално насилство***
Психичкото, вербалното и емоционалното насилство се карактеризираат со сплет на активности каде се пристапува кон психолошко малтретирање, употреба на вербална насилна комуникација и емоционална злоупотреба со цел да се предизвика психолошка болка и да се покаже надмоќ. Истото вклучува употреба на погрдни зборови, вербални пораки, заплашување, закани и искористување, етикетирање, навредување, ограничување на движењето, уцена со цел да се постави лицето во потценета позиција, итн.

***2.3 Социјално насилство***
Социјалното насилство претставува акт на одвојување на лицето од групата, поставување во нерамноправна позиција врз основа на различност, игнорирање и отфрлување.

***2.4 Врсничко насилство (булинг)***
Врсничкото насилство е збир на намерни непосакувани акции и дејствија, како и поттикнување непријателска околина со цел да се повреди или да се создаде непријатност кај некое лице. Врсничкото насилство може да е пропратено со елементи на физичко, психолошко, сајбер, емоционално и останати видови насилство.

DO NOT COPY

### *2.5 Насилство од омраза*
Сите форми на насилство кои се мотивирани од омраза, односно предрасуди поврзани со расна, национална и верска припадност или врз основа на други особини.

### *2.6 Сајбер насилство*
Сајбер насилство претставува вид на вознемирување и директни акти на насилство преку користење информациско-комуникациски алатки и технологии, како што се: мобилни телефони, компјутери и интернет; како и сите дејствија како размена на фотографии и видео клипови, праќање пораки (е-маил, смс, чет), директна или индиректна размена и објава на информации со сензитивен карактер за некое лице, креирање лажни профили и други дејствија без претходно дадена согласност, поттикнување и реализација на насилство преку социјални мрежи.

### *2.7 Сексуално насилство*
Сексуалното насилство претставува физичко, вербално или симболичко однесување од сексуална природа со кое лицето сексуално се вознемирува, навредува или приморува на однесување со сексуална содржина што не го сака, не го разбира, не може да го направи или за што нема дадено согласност. Сексуалното насилство вклучува: поттикнување и присила за сексуална активност, злоупотреба на лицето и креирање небезбеден простор, употреба или дистрибуција на аудио и визуелни материјали, итн.

### *2.8 Родово базирано насилство*
Родово базираното насилство е сплет на форми на сексуално, физичко и/или психолошко насилство како резултат на општествено креираните норми и стереотипи и нееднаква дистрибуција на моќ помеѓу општествените позиции на мажите и жените во општеството. Родово базираното насилство се карактеризира со: партнерско насилство во интимните врски на лицата, контрола и поставување забрани, уцена и изолирање.

### *2.9 Спортско насилство*
Под спортско насилство се подразбира насилство за време на сите спортски активности во и вон училишни локации без ограничување на вклученоста на индивидуата. Тука се вбројуваат дејствија како на пр. дофрлање пораки што предизвикуваат и поттикнуваат омраза или насилство врз основа на расна, национална, верска припадност или врз основа на други особини; фрлање предмети во спортскиот терен или во гледалиштето; палење и фрлање пиротехнички средства; повикување, поттикнување и учествување во тепачка или физички напад на спортисти, гледачи, редари, службени лица; физичка пресметка меѓу учесниците на спортски натпревари; влегување на спортски терен од страна на гледачите; и оштетување или уништување спортски инвентар и други делови од објектот каде се случува настанот.

### *2.10 Семејно насилство*
Под семејно насилство се смета однесување на член на семејството кој со примена на сила, закана и заплашување врши телесни повреди, емоционална или сексуална

DO NOT COPY

злоупотреба, и/или материјално, сексуално или работно искористување на друг член на семејството.

## 3. <u>Улоги</u>

3.1 Жртва/и – Секој/сите личност/и за која/кои гимназијата има сознанија или се сомнева дека доживеал/а или во моментот доживува/ат насилство;
3.2 Насилник/ци – Секоја/сите личност/и за која/кои гимназијата има сознанија или за која/кои постојат основни сомненија дека сториле насилство;
3.3 Сведок/ци – Секоја/сите личности која/кои лично посведочил/ле или има/ат сознанија дека некоја друга личност/група доживеала/ле насилство.

**Постапување при сознание за насилство, препознавање и пријавување насилство**

1. Секое лице во или вон гимназијата кое има сознание за насилство кон лица од гимназијата има обврска истото да го пријави кај контакт лицата за насилство во гимназијата (во кабинетот на училишниот психолог, односно на е-маил адресата psychologist@ahss.edu.mk или кај контакт лицата кои се заменици), или кај вработените во гимназијата (помошник директор, директор, стручна служба, раководител на паралелка, наставник, технички персонал, лице од обезбедување).
2. Во случај кога сомнежот е споделен со вработен, истиот има обврска да ги исконтактира контакт лицата и заедно да одредат можни заштитни мерки. Директорот е должен да определи контакт лице за пријавување насилство и најмалку 1 (еден) негов заменик. Контакт лицето по правило е вработен од редот на Стручната служба (психолог/педагог), а заменик контакт лицето се определува од редот на вработените. Одлуката за определување на контакт лица задолжително се објавува на огласните табли на гимназијата, како и на веб-страната.
4. Во случај кога сомнежот е споделен со врсник (ученик-ученик) или друго лице од доверба, лицето кое има сознание има обврска да исконтактира вработен или да ги исконтактира контакт лицата во гимназијата.
5. Сите вработени, вклучувајќи ги и директорот, стручната служба и наставниците, имаат обврска секојдневно да забележуваат дали има ризик за случување на насилство, дали се случува насилство или дали некој ученик се однесува насилно.
6. Во случај кога вработените ќе забележат однесување или состојби кои покажуваат на насилство, должни се да ги известат контакт лицата/стручната служба, раководителот на паралелка или друг наставник кој има воспоставено комуникација со ученикот/учениците засегнат/и од насилство, кои понатаму ќе продолжат со набљудување на состојбата или ќе работат на воспоставување заштитни мерки.
7. Во случај кога ученикот-жртва пријавува насилство кај вработен во гимназијата, треба да се земе предвид дека лицето му верува на тој вработен и истиот треба да продолжи да биде вклучен во процесот, да биде вклучен при креирање на мерките за заштита и да одржува редовна комуникација со лицето жртва.

DO NOT COPY

8. Со цел обезбедување безбеден канал за пријавување или сомнеж на насилство, гимназијата овозможува онлајн пријава на насилство, до која пристап имаат само контакт лицата. Пријавувањето на насилството или сомнеж за насилство може да биде анонимно или со откривање на личните податоци. Оваа пријава е достапна на веб страната на гимназијата.

**Запирање на насилство**

1. Начинот на запирање на насилството зависи од видот на насилството и бројот на учесници вмешани во насилната ситуација.
2. Сите вработени во гимназијата кои имаат информација или самите биле сведоци на случувањето имаат обврска да го запрат насилството.
3. Учениците имаат за задача да ги информираат вработените и не се препорачува тие да го сопрат насилството за да не се стават себе во ризик.
4. За настанот се известуваат контакт лицата и, согласно моменталната проценка, доколку се работи за посериозна форма, се повикува обезбедувањето.
5. По потреба се повикува полиција како одговорна институција за одржување на јавната безбедност, ред и мир.

**Обезбедување поволна средина и смирување на ситуацијата**

1. Откако насилството ќе се прекине, вработените преземаат соодветни мерки за смирување на ситуацијата.
2. Вработениот кој го прекинал насилството го информира и го вклучува контакт лицето, а во негово отсуство заменик контакт лицето, за пријавување насилство.
3. Во случај на инцидент без значајни последици кој се случува прв пат, како наведените во Прилог 1, табела 1 (прво ниво), вработениот кој го прекинал насилството не е обврзан да го повика контакт лицето, односно заменик контакт лицето, туку самостојно треба да ја смири ситуацијата, а подоцна да ги извести контакт лицата за настанатата ситуација.
4. Во случај вработениот да процени дека не може самостојно да влијае на ситуацијата или ситуацијата почнува да ескалира, го повикува контакт лицето, односно заменик контакт лицето.
5. Во случај на инцидент кој се повторува од наведените во Прилог 1, табела 1 (прво ниво) или во случај на инцидент од Прилог 1, табела 2 (второ ниво) и табела 3 (трето ниво), вработениот е должен да го повика контакт лицето, односно заменик контакт лицето.
6. Контакт лицето, односно заменик контакт лицето, во зависност од околностите на случајот проценува дали ќе вклучи одредени наставници, стручни соработници, директор, родители или претставници од други релевантни институции како: здравствени и советодавни институции, полиција, центар за социјална работа и други.
7. Со цел да се создаде безбедна средина и да се смири ситуацијата потребно е да се добијат информации за причините и факторите кои довеле до насилство, да се утврди кој бил вмешан во насилството, колку време траело, дали се повторувало,

DO NOT COPY

как и други релевантни информации согласно проценката на стручните лица. Овие информации ги обезбедува контакт лицето.

8. Контакт лицето е должно да разговара со сите ученици вмешани во насилството, ученикот-жртва, ученикот-сторител и учениците-набљудувачи, по потреба и со учениците-медијатори (доколку ги има). Разговорите со учениците се одвиваат одвоено и продолжуваат сè додека има потреба согласно проценката на стручните лица.
9. Од учениците, а особено од жртвата, не треба да се бара повеќе пати да го прераскажува настанот пред различни лица или повеќе пати да им се поставуваат истите прашања, како знак на недоверба.
10. За спроведените разговори, контакт лицето задолжително води евиденција во форма на записници и извештаи.
11. Во текот на консултациите и целиот процес во гимназијата или надвор од истата се почитува принципот на доверливост, како и принципот на заштита на најдобар интерес на детето.
12. Важен концепт кој треба да се земе предвид при создавање безбедна средина е да се осигура дека нема двојна виктимизација на жртвата.

**Евидентирање, едукација, трансформација и следење**

1. Со цел соодветно следење на случајот и трансформацијата, истиот се евидентира и трансформира.
2. Стручната служба работи на едукација со сите вклучени страни во случајот, а по потреба и со сите засегнати страни кои индиректно учествувале во овој случај. Во зависност од сложеноста на ситуацијата, консултациите може да се вршат и со служби надвор од гимназијата: ЦСР, здравствена установа, МВР и други.
3. По завршување на процесот на евидентирање и добивање информации од сите инволвирани, вклучувајќи ги и сведоците на насилството, доколку постојат, а согласно интерните акти на Гимназијата, соодветен орган предлага/одлучува кои мерки ќе бидат преземени во понатамошната постапка.
4. Согласно проценката на контакт лицето/стручната служба, се изработува план за едукација и трансформација која има за цел да работи на едукација и трансформација со насилникот/насилниците и да пружи заштита и поддршка на жртвата/ите со цел повторна реинтеграција. Ова претставува можност за креирање безбедна средина за сите каде секоја индивидуа ќе може да биде во добро здравје и да го исполни својот потенцијал со цел да оствари квалитетен живот и да живее во добросостојба.

**Пријава за насилство, евиденција и евалуација на постапување по случај**

***1. Адресирање***

1.1 Адресирањето (пријавувањето) на насилството во гимназијата може да се направи со пријава кај вработените/одговорните лица/контакт лицата/стручните служби во гимназијата преку анонимно сандаче поставено

DO NOT COPY

во рамки на училишната зграда или онлајн, преку пријава достапна на веб страната на гимназијата, која може да биде анонимна или со откривање на личните податоци. Со цел соодветно адресирање и постапување, лицата кои пријавуваат настан имаат обврска да даваат целосни, точни и вистинити информации со цел надлежните лица да имаат минимум потребни информации и да можат да извршат проверка и верификација на настанот.

1.2 Пријавата за насилство се состои од краток опис на инцидентот и лицата вклучени во истиот, при што потребни се следниве информации: место на случување на настанот, време и датум на случување (период кога се случил), учесници во настанот (насилници и жртва), други сведоци/присутни, краток опис на случката, причина за случката настанот (доколку се знае). Пријавата е составен дел од овој Протокол (Прилог 2).

1.3 Пријавата за сомнеж за насилство се состои од краток опис поврзан со сомнежот. Потребни се следниве информации: краток опис за сомнежот, вклучени лица, каде припаѓаат тие лица/ученици (во кое училиште и паралелка), место и време на одвивање на потенцијалниот настан, како и причина на која се заснова сомнежот. Пријавата е составен дел од овој Протокол (Прилог 3).

1.4 Гимназијата креира и онлајн пријава за насилство или сомнеж за насилство која содржи податоци дадени во Прилог 2 или Прилог 3 на овој Протокол.

## *2. Евиденција*

2.1 Гимназијата има обврска да води прецизна и редовна евиденција во однос на пријавите за насилство или сомнеж.

2.2 Во евиденцијата се регистрираат следните информации: место и време, вид на насилство, кој го открива/пријавува случајот, колку учесници има (податоци за учениците), дали вклучените лица се од самата гимназија или има лица и надвор од гимназијата, дали има потреба да се вклучат надворешни институции (МВР, ЦСР, здравствени и други институции), дали делото се случува прв пат или се повторува и дополнителни информации. Евиденцијата е составен дел од овој Протокол (Прилог 4).

2.3 Стручната служба има обврска за водење план за работа со сите лица вклучени во инцидентот, видови интервенции кои се преземаат, предлог-мерки за заштита на жртвата, начин на следење на спроведените мерки/интервенции и други релевантни информации (Прилог 5).

## *3. Евалуација*

Со цел соодветна проценка на ефикасноста на работата на гимназијата во насока на примена на овој Протокол и во насока на превенција и постапување во случај на насилство, Гимназијата прави евалуација на својата работа. Истата се спроведува најмалку два пати годишно, и тоа во две области:

DO NOT COPY

3.1 Проценка на ефикасноста на преземените планови и спроведените мерки за работа во случај на постапување по сомнеж/настан на насилство преку форма која ги содржи следните прашања:

- Дали насилството е прекинато?
- Дали насилството е смирено?
- Каква е состојбата на жртвата/те?
- Каква е состојбата на насилникот/те?
- Каква е состојбата на околината?
- Дали и какви дополнителни интервенции се потребни?

3.2 Проценка на ефикасноста во насока на превенција на насилството, која се состои од прашања за проценка на информираноста за постоењето на овој Протокол и неговата примена во гимназијата преку следните прашања:

- Дали сте запознаени со постоењето на Протокол за спречување и постапување во случај на насилство во гимназијата?
- Дали сте посетиле презентација/работилница за Протоколот за спречување и постапување во случај на насилство во гимназијата?
- Дали доколку се организираат дополнителни активности поврзани со спречување и постапување во случај на насилство во гимназијата би учествувале?
- Што може гимназијата да направи повеќе за да ги информира учениците за Протоколот?
- Дали до сега сте биле вклучени во настан поврзан со насилство?
- Доколку да, дали гимназијата постапи по случајот?
- Доколку да, што направи?
- Доколку не постапи, што можеше да се направи?
- Дополнителни коментари

Управен одбор на ПСУ Американска гимназија Скопје
д-р Венера Крлиу Ханџиски, претседател

DO NOT COPY

**Прилог 1**
Табела со категоризација на насилство

**Табела 1. Прво ниво на насилство**

| **Физичко насилство** | **Емоционално / психичко насилство** | **Социјално насилство** | **Сексуално насилство / злоупотреба** | **Сајбернасилство** |
|---|---|---|---|---|
| - Удирање<br>- Туркање<br>- Влечење<br>- Штипење<br>- Гребење<br>- Кубење<br>- Гризење<br>- Сопнување<br>- Шутирање<br>- Валкање<br>- Удирање предмети | - Потсмевање<br>- Омаловажување<br>- Озборување<br>- Навредување<br>- Именување со погрдни имиња<br>- Пцуење<br>- Имитирање<br>- Повикување<br>- Цинизам | - Дофрлување<br>- Потсмевање<br>- Игнорирање<br>- Цинизам | - Дофрлување<br>- Пцуење<br>- Негативни коментари<br>- Именување со имиња со сексуална алузија<br>- Гестикулации со сексуална алузија | - Повремени вознемирувачки повици на телефон<br>- Вознемирувачки СМС, ММС, снеп и остаанти дигитални формати<br>- Вознемирувачки пораки на електронска пошта или на социјални мрежи |

**Табела 2. Второ ниво на насилство**

| **Физичко насилство** | **Емоционално / психичко насилство** | **Социјално насилство** | **Сексуално насилство / злоупотреба** | **Сајбернасилство** |
|---|---|---|---|---|
| - Удирање<br>- Шлаканици<br>- Газење<br>- Кинење на облеката<br>- Затворање<br>- Плукање<br>- Одземање и уништување сопственост | - Уценување<br>- Закани<br>- Неправедно казнување<br>- Етикетирање<br>- Забрана за комуницирање<br>- Исклучување<br>- Отфрлување<br>- Манипулирање | - Сплеткарење<br>- Игнорирање<br>- Отфрлување<br>- Невклучување<br>- Неприфаќање<br>- Манипулирање<br>- Експлоатација<br>- Исклучување од | - Сексуално допирање<br>- Покажување порнографски материјали<br>- Покажување интимни делови од телото<br>- Соблекување | - Огласи<br>- Клипови<br>- Блогови<br>- Злоупотреба на форуми и четување<br>- Сексуално насилство во видео игри<br>- Снимање со камера на насилни сцени<br>- Дистрибуирање насилни слики и снимки без |

DO NOT COPY

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | груpата на дискриминаторска основа<br>- Навреди и вознемирување на дискриминаторска основа | | дозвола и согласност |

| Табела 3. Трето ниво на насилство | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Физичко насилство** | **Емоционално/ психичко насилство** | **Социјално насилство** | **Сексуално насилство/злоупотреба** | **Сајбернасилство** |
| - Тепачка, давење, фрлање кои резултираат со сериозни физички последици / укажана помош од лекар<br>- Напад со рака, нож, оружје кое може да има фатален исход<br>- Предизвикување изгоренци<br>- Забрана за храна и спиење<br>- Изложување на високи или ниски температури | - Застрашување со уцена<br>- Рекетирање<br>- Ограничување на движење<br>- Наведување на користење на психоактивни супстанции (легални и нелегални)<br>- Вклучување во секти<br>- Запоставување | - Сериозни закани за животот<br>- Изживување на поединец / група врз поединец / група<br>- Дискриминација<br>- Организирање на затворени групи (кланови)<br>- Навреди и вознемирување врз дискриминаторска основа | - Заведување од страна на возрасните<br>- Поведување / груминг<br>- Злоупотреба на моќ<br>- Наведување<br>- Изнудување и принудување на сексуална активност<br>- Силување<br>- Полов напад врз дете кое не навршило 14 години<br>- Задоволување на полови нагони пред друг<br>- Обљуба со злоупотреба на положбата | - Дистрибуирање или објавување приватни снимки и слики без согласност или дозвола<br>- Снимање вулгарни и насилни сцени кои се масовно дистрибуирани<br>- Прикажување порнографски материјал, производство и дистрибуција на порнографски материјал |

DO NOT COPY

**Прилог 2**
**Пријава на насилство во училиштето**

AHSS
AMERICAN HIGH SCHOOL SKOPJE

DO NOT COPY

## ПРИЈАВА
## НА НАСИЛСТВО ВО УЧИЛИШТЕТО

Јас ______________________________[*] ученик/вработен/друго ________________ би сакал/ла да пријавам насилно однесување од ________________________ кон ____________________ кое се случи на ден ________________, односно се случуваше во периодот од _________ до _________.

Настанот се случуваше во:

| |
|---|
| |

Лице/лица кои го применуваат несоодветното/насилно однесување се:______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
од паралелка _________________, односно училиште (доколку се од друго училиште) ______________________________.

Краток опис на случката и однесувањето кое вклучува насилство:

| |
|---|
| |

На настанот присуствуваа и можеа да посведочат овие ученици и/или вработени:
______________________________________________
______________________________________________
______________________________.

[*] Формуларот може да биде пополнет и анонимно, без откривање на идентитетот и личните податоци

Исто така, вклучени лица беа и ____________________________________________________________,
поради следното ____________________________________________________________________________.

Причина за случката со насилство (доколку има конкретна причина или се знае, се опишува)

| |
|---|
| |

Дата на пополнување:

____________________

DO NOT COPY

**Прилог 3**

**Пријава за сомнеж за насилство во училиштето**

**ПРИЈАВА**

**ЗА СОМНЕЖ ЗА НАСИЛСТВО ВО УЧИЛИШТЕТО**

Јас ________________________________________* ученик/вработен/друго ________________ би сакал/ла да пријавам сомневање за насилно однесување од ________________________ кон____________________ кое се случи на ден ____________________, односно се случуваше во периодот од ___________ до ____________.

Краток опис за причината за сомневање за насилство:

| |
|---|
| |

Лицата кои сметам дека се вклучени во несоодветното однесување се:

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

___________ од паралелка ______________________, односно училиште (доколку се од друго училиште) __________________________________________.

Опишаното се случува во (место, училиште, паралелка, простор во училиштето):

| |
|---|
| |

* Формуларот може да биде пополнет и од анонимно лице, без откривање на идентитетот и личните податоци

DO NOT COPY

Инволвирани лица во однесувањето/ситуацијата се:

Дата на пополнување:

_______________________

DO NOT COPY

Прилог 4

# ЕВИДЕНЦИЈА ЗА НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ

DO NOT COPY

| | |
|---|---|
| Датум кога се случил насилниот настан/ситуација: | |

| Насилството се случува: | | | |
|---|---|---|---|
| | Првпат | | Се повторува повеќе пати:______(наведете колку пати) |

| Каде се случило насилството (насилната ситуација): | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Во училницата | | Во спортската сала | | Во ходниците |
| | Во тоалетот | | Во дворот на училиштето | | На пат кон/од училиштето |
| | Друго: | | | | |

| Во кое време се случило насилството (насилната ситуација): | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Пред доаѓање на училиште | | По завршување на наставата | | На одмор |
| | | | | | |
| За време на ______________час (наведете го редниот број на часот) | | | | | |
| | Факултативни активности (екскурзија, одење во театар, зоолошка и сл. ) | | | | |
| | Во тек на проектни активности | | Во тек на слободното време | | |
| | Останато: | | | | |

<table>
<tr><td colspan="6">Начин на откривање или воочување на насилството (насилната ситуација):</td></tr>
<tr><td></td><td>Наставник</td><td></td><td colspan="3">Увид на тимот (психолог, педагог, дефектолог, друго стручно лице)</td></tr>
<tr><td></td><td>Пријава од обезбедувањето</td><td></td><td>Директорот на училиштето</td><td></td><td>Пријава од родител</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2">Друго вработено лице во училиштето</td><td></td><td colspan="2">Пријава од личноста која доживеала насилство</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="5">Од</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="5">Опис на настанот:</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="5"></td></tr>
<tr><td></td><td colspan="5">Учесници во насилството:</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="5">Дополни со број:<br>Колку жртви има во случајот? __________<br><br>Колку сторители има во случајот? ____________<br>Ученик/ци жртва/и на насилство (овој дел, 6.3., се копира онолку пати колку што има жртви во случајот и се пополнува за секоја жртва поединечно)</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="5">Име и презиме _____________________</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="5">Возраст _____________</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="5">Род<br>☐ Женски<br>☐ Машки<br>☐ Друго</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="5">Етничка припадност<br><br>☐ Македонска<br>☐ Албанска<br>☐ Турска<br>☐ Ромска<br>☐ Бошњачка<br>☐ Влашка</td></tr>
</table>

DO NOT COPY

- ☐ Српска
- ☐ Друго __________

Видови на насилство

- ☐ Физичко
- ☐ Социјално
- ☐ Психичко/емцоионално
- ☐ Сексуално
- ☐ Сајбер

Кој е сторител на насилството

Ученик _________ група на ученици ______________

Име и презиме ____________________

Возраст ____________

Род

- ☐ Женски
- ☐ Машки
- ☐ Друго

Етничка припадност

- ☐ Македонска
- ☐ Албанска
- ☐ Турска
- ☐ Ромска
- ☐ Бошњачка
- ☐ Влашка
- ☐ Српска
- ☐ Друго __________

Видови на насилство

- ☐ Физичко

DO NOT COPY

| | |
|---|---|
| | ☐ Социјално<br>☐ Психичко/емциоонално<br>☐ Сексуално<br>☐ Сајбер/Кибер |

DO NOT COPY